РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 28.04.2021 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 411/1 | | |

**До:**
Соња Христова-Јовановиќ
ул.„Иво Лола Рибар“ б.б.
Општина Валандово
2460 Валандово

**Барање**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Според јавната достапност на буџетските документи на официјалната веб страна и Службен Гласник наопштина Валандово,потребни ни се следните информации:

1. Предлог буџет за 2021 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

2. Граѓански буџет за било која година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

3. Отчет за 2020 година
   Доколку е објавен на Вашата веб страна, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

4. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) во 2020 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики.
   Доколку имате спроведено граѓански форум, Ве молиме да ни доставите Записник од истиот.

5. Дали постои посебно одделение за администрирање на локалните даноци или пак е дел од друго одделение во секторот за финансиски прашања?

6. Стратегија за управување со ризици
   Доколку е објавена на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме да ни доставите линк од истата, во спротивно да ни ја доставите во електронска форма.

7. Дали граѓаните имаат редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

8. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

9. Дали Извршната власт организира јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината?

10. Доколку да, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
***г) електронски запис***
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
***г) е-маил*** [redacted]
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател на информацијата**:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Место: [redacted]　　　　Датум:19.04.2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10 - 411/2
28.04.2021 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

ДО
[redacted]

Арх. знак 1008
Рок на чување 5
28.04.21 год.

ПРЕДМЕТ: Одговор на Ваше барање

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 19.04.2021 година во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци од Општина Валандово и тоа:

1. Буџет на Општина Валандово за 2021 година објавен на веб страната на Општина Валандово https://www.valandovo.gov.mk/Општини/Финансии/Буџет.aspx

2.Граѓански буџет за 2020 година - нема;

3.Отчет за 2020 година -нема;

4. Општина Валандово има спроведено Граѓански форум во 2020 година во вид на анкетен прашалник( Во прилог записник од електронска анкетен прашални за креирање на Буџет на Општина Валандово);

5. Во Општина Валандово нема посебно одделение за администрирање на даноци. Администрирањето на даноците се врши во одделението за финансиски прашања и јавни набавки;

6.Стратегија за управување со ризици (2016-2019 година) - во прилог;

7. Граѓаните на Општина Валандово во 2020 година немаат присуствувано на седниците на Совет на Општината . Истите имаат право да присуствуваат, но претходно треба да се пријават за присуство.

8.Општина Валандово за времето на одржување на седниците Советот, со содржината и точките на дневниот ред , своите граѓани ги известива преку локалниот медиум-Радио Валандово и официјалната веб страна на Општината.

9. Извршната власт односно градоначалникот ја предлага на Завршната сметка на Општината до Советот на Општината, кој истата разгледува и усвојува.

10.На седницата на Советот наОпштината на кој се разгледуваше Завршната сметка на Општина Валандово за 2020 година, немаше присутни граѓани.

Со почит,

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
ПЕРО КОСТАДИНОВ

Подготвил: С.Х. Јовановиќ
Контролирал/Одобрил: Б.Киров

ПРИЛОГ: Записник од електронска анкетен прашални за креирање на Буџет
Стратегија за управување со ризици

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" 6б, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044